Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржано на 02.11.2021 година ја донесе следната

## Одлука

Пријавата заведена под број 09-646/1 од 29.02.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што други надлежни органи имаат постапено по истиот настан.

Предметот со број 09-646/1 од 29.01.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-646/1 од 29.01.2020 година е оформен по пријава од -------- од Скопје во која се бара да се поведе постапка за спречување на состојба на судир на интереси што произлегува од дејствија преземени од проф. Д-р ----------, ректор на УКИМ и проф. Д-р --------, ректор на УКЛО. Наведените лица на состанок кој се случил со поранешниот министер за образование и наука, д-р -------, договориле потпишување колективни договори на ниво на работодавачи со однапред дефинирана содржина, по што ректорите на наведените универзитети на ректорската управа дале насоки до деканите на факултетите и директорите на институциите да се формира синдикат, при што по нивно укажување и знаење се испратило биле испратени пристапници во непостоечки синдикат. Со горенаведените дејствија пријавените лица, како одговорни лица во своите институции го прекршиле член 67 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Понатаму на ден 12.02.2020 година од истите подносители доставено е дополнително известување дека Државниот трудов инспекторат постапил по истата пријава доставена до нив и е укажано на незаконитоста на преземаните активности, односно констатирано е повреда на член 195 од Законот за работни односи, а активностите за формирање нов синдикат се прекинати.

Со доставеното известување за постапување на ДИТ согласно своите надлежности, и констатирана повреда на ЗРО, Државната комисија нема елементи за натамошно постапување поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил:
С.V - Виш соработник
Одобрил:
К.Н, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk